МАКЕДОНСКО ГЕОГРАФСКО ДРУШТВО
MACEDONIAN GEOGRAPHICAL SOCIETY

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ

# PROCEEDINGS

INTERNATIONAL SCIENTIFIC SYMPOSIUM

# ГЕОГРАФИЈАТА И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

# GEOGRAPHY AND SUSTAINABLE DEVELOPMENT

ОХРИД/OHRID
22-25.10.2009

Благица Новковска (Скопје, Република Македонија)
НАСЕЛЕНИЕТО И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 269

Georgi Georgiev, Maria Vasileva (Blagoevgrad, Bulgaria)
CONCEPTS FOR SUSTAINABLE AND ALTERNATIVE TOURISM DEVELOPMENT........ 285

Јорде Јакимовски (Скопје, Република Македонија)
ИНТЕГРИРАЊЕ НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ФАКТОРИ ВО ПОЛИТИКИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ........ 293

Lech Haydukiewicz (Kraków, Poland)
RELATIONSHIPS BETWEEN POLITICAL, SOCIAL, AND ECONOMIC DIFFERENCES WITHIN SOCIETY AND DISPROPORTIONS IN REGIONAL DEVELOPMENT........ 301

Милена Талеска (Скопје, Република Македонија)
ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ КАКО ЕДНА ОД КЛУЧНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 313

Михаило Зиков (Скопје, Република Македонија)
ГРАДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ........ 319

Мирјанка Мацевиќ (Скопје, Република Македонија)
ПРОЦЕСОТ НА ДЕПОПУЛАЦИЈА ВО ПОГРАНИЧНИТЕ НАСЕЛБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 325

Мирјанка Мацевиќ, Биљана Апостоловска Тошевска (Скопје, Република Македонија)
МЕЃУЗАВИСНОСТ ПОМЕЃУ УРБАНИЗАЦИЈАТА И ИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 335

Neno Dimov, Anna Mantarova (Sofia, Bulgaria)
PROBLEMS IN THE REGIONAL AND SOCIAL DEVELOPMENT OF BULGARIA: ESSENCE, EVALUATION AND SYNERGETIC ADVANTAGES........ 345

Никола В. Димитров (Гевгелија, Република Македонија)
ПРОСТОРНО-ПОПУЛАЦИСКИ ОБЕЛЕЖЈА НА НАСЕЛБИТЕ ВО ВИСИНСКАТА ЗОНА ОД И НАД 1000 М.Н.В. ВО ФУНКЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 353

Plamen Patarchanov (Sofia, Bulgaria)
MOUNTAIN REGIONS ECONOMY – THE SUSTAINABLE AREA DEVELOPMENT CHALLENGES IT FACES 367

Ристо Мијалов, Дејан Илиев (Скопје, Република Македонија)
КЛИМАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ НА ПРИМЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........ 375

Zita Izakovičová (Bratislava, Slovakia)
STRATEGY OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT: METHODOLOGY AND ITS APPLICATION IN THE AGRICULTURAL LANDSCAPE........ 385

Зеќир Рамчиловиќ (Скопје, Република Македонија)
ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВИОТ ТУРИЗАМ ВО ШАРСКО-ПОЛОШКИОТ РЕГИОН........ 395

Ивица Гиевски (Скопје, Република Македонија)
УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ВРЕДНОСТИТЕ НА ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ........ 409

Срѓан Стојановски (Куманово, Република Македонија)
НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРЕДМЕТОТ ГЕОГРАФИЈА И НЕЈЗИНИТЕ РЕПЕРКУСИИ ВРЗ МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА УСВОЕНИТЕ ЗНАЕЊА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ........ 413

# ПРОСТОРНО-ПОПУЛАЦИСКИ ОБЕЛЕЖЈА НА НАСЕЛБИТЕ ВО ВИСИНСКАТА ЗОНА ОД И НАД 1000 М.Н.В. ВО ФУНКЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНИНСКИОТ ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Никола В. ДИМИТРОВ
Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија,
Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Република Македонија
e-mail: nikovedim@yahoo.com

АПСТРАКТ

Трудот претставува прилог кон проучување на просторно-популациските карактеристики на населбите од и над 1000 м.н.в. во функција за развој на планинскиот туризам во Република Македонија[1]. Ракописот, всушност е база за идните просторно-популациските анализи за потребите на планинскиот туризам.

Во нашата анализа применет е принципот на научно, објективно и егзактно обработување на податоците. Доминира обработката на поважните просторно-популациски детерминанти на овој вид населби, глобално но и на ниво на туристички региони во Република Македонија.

Клучни зборови: Просторно-популациски обележја, населби од и над 1000 м.н.в., планински туризам, туристички региони, Република Македонија.

ABSTRACT

The work is a contibution to the study of the typical spatial and information about the population distinctions of the settlements with and above 1000 sea level in fucation for development in mountainous tourism in Republic of Macedonia. This contribution is actually a basis for further analisus of the typical spatial-population and area of the new communities which in development in mountainous tourism in Republic of Macedonia.

This piece of work which is the subject of our study, applies the principle of scientific, objective and exact data processing. The analysis of all population and area determiners, this place, the global and in level the turistical regions in the Republic of Macedonia.

Key words: Typical spatial, populationsdistinction, settlements with and above 1000 sea leve, mountainous tourism, turistical regions, Republic of Macedonia

## Вовед

Важен сегмент при планирањето на туризмот се просторно-популациските обележја на населбите. Ова прашање во функција на планирање за развојот на туризмот во Република Македонија малку е обработувано.

Преку текстот и табелите што го презентираме ќе се обидеме, делумно, да одговориме на дел од прашањата што ги третираат просторно-популациските карактеристи-

[1] Трудот е помал извадок од Елаборатот под наслов: „Просторно-популациски карактеристики на планинските населби во функција за развој на планинскиот туризам во Република Македонија"

ки само на населбите од и над 1000 метри средна надморска височина, а се во функција за развој на планискиот туризам во нашата држава.

Тргнувајќи од сегментот на туризмот, карактеристиките на населбите се групирани и обработените според трите туристички региони: западен, средишен и источен[2], а не според десетте туристички региони или пак според осумте статистичко плански региони[3].

Орографски гледано во планиската зона на Република Македонија се среќаваат 374 населби кои во вкупниот број населби учествуваат со 21%[4]. Наша тема на обработка се само планиските населби кои припаѓаат во висинската зона од и над 1000 метри. Нивниот број изнесува 188 или 10,52% од кои две се градски населби - Крушево и Пехчево, овој вид населби во вкупниот број на пpланиски учествува со 50%..

1.) Население во населбите во планиската висински зони од и над 1000 метри

188
Во наведените 187 населби вкупно живеат 41482 жители со учество во вкупното од само 2.05% (РМ во 2002 г. имала 2.022.547 ж.). Овие населби се распоредени во 39 општини (учество со 46.4% во вкупниот број од 84 општини во РМ), од кои 20 се урбани-градски и 19 рурални-селски. Најголем број од општините, односно 25 (64.1%) се во западниот туристички регион, 10 во источниот (25.6%) и 4 (10.3%) во средишниот туристички регион.

Гледано, според туристичките региони најголем број од населението во горе наведените населби е сконцентрирано во западниот регион и тоа 78.63% (32605 жители), потоа следи источниот со 17.6% (7299 ж.) и средишниот регион со 3.8% (1578 ж.). Во западниот туристички регион сконцентрирани се 127 населби (67.9%), во источниот 54 (28.9%) и во средишниот туристички регион 6 (3.2%) населби од и над 1000 метри средна надморска височина. (Види:Табела 1.).

---

[2] Според проф. д-р Науме Мариноски, во РМ се издвојуваат: 3 туристички региони, 14 туристички подрачја, 57 туристички зони и 172 туристички локалитети. Западен регион кој има езерско-планински карактер со 6 туристички подрачја, 22 туристички зони и 87 туристички локалитети. Средишниот регион кој има транзитен карактер со 4 туристички подрачја, 18 туристички зони и 40 туристички локалитети. Источен регион кој има котлинско-планински карактер со 4 туристички подрачја, 17 туристички зони и 45 туристички локалитети. Туристичка географија, Охрид 2006 г., стр. 305-315.

[3] Просторен план на Република Македонија – Стратегија за просторен развој, (2004) Наведени се десет туристички региони: Скопско-кумановски, Шарско-полошки, Кичевско-бродски, Охридско-преспански, Пелагониски, Средно-вардарски, Струмичко-радовишки, Брегалнички и Кратовско-кривопаланачки туристички регион. ДЗС (2008) Номенклатура на територијалните единици за статистика на Република Македонија – НТЕС (1.8.8.01 Класификации, методологии, номенклутури и стандарди) Скопје. Наведени се осум статистички плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски регион.

[4] Вкупно во Република Македонија регистрирани се 1777 населби. ДЗС (2008) Номенклатура на територијалните единици за статистика на Република Македонија – НТЕС (1.8.8.01 Класификации, методологии, номенклутури и стандарди) Скопје, 2008 година, стр. 53. Одлука за примена на усогласената Номенклатура на територијалните единици за статистика – НТЕС („Службен весник на РМ„ бр.158/2007). Според Законот за територијална организација на локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 55/04 и 12/05) наведени во Систематски список на општини и населени места во Република Македонија, регистрирани се 1767 населби. Во вкупниот број (1767) не се ставени десетте населби на град Скопје (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, и Шуто Оризари).

**Табела 1. – Население, домаќинства и станови по туристички региони по општини и број на населби од и над 1000 м.н.в.**

| Туристички макро регион | Број на општини | Број на населби со и над 1000 м. височина | Попис 2002 година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Население | Домаќинства | Станови |
| ЗАПАДЕН | 25 | 127 | 32605 | 8114 | 14703 |
| СРЕДИШЕН | 4 | 6 | 1578 | 303 | 521 |
| ИСТОЧЕН | 10 | 54 | 7299 | 2663 | 4682 |
| ВКУПНО | 39 | 187 | 41482 | 11080 | 19906 |

Од податоците во табелата за бројот на домаќинствата и становите го бележиме следното. Вкупниот број домаќинства бил 11080, а становите 19906, односно 8826 станови повеќе од домаќинствата. Просечно по домаќинство се паѓа по 3,74 жители во домаќинство и по 2,08 жители на стан. Гледано, според региони, најмногу домаќинства 8114 (73,2%) и 14703 (73,9%) станови имал западниот туристички регион, потоа следи источниот со 2663 домаќинстава (24,1%) и 4682 станови (23,5%), и средишниот туристички регион со 303 домаќинства (2,7%) и 521 стан (2,6%).

Планински населби од и над 1000 метри среднa надморска височина кои имаат далеку повеќе станови-куќи од домаќинства се: Лазарополе 0 домаќинства спрема 282 куќи, Галичник 2 спрема 217, Лесново 3 спрема 209, Гари 5/159, Маврови Анови 54/336, Маврово 55/650, Никифорово 5/81, Тресонче 3/61, Крапа 39/122, Велестово 19/102, Завој 3/98, Коњско 9/73, Свиништа 33/136, Вишно 10/145, Горна Белица 1/148, Дренок 1/65, Збажди 2/80, Брајчино 61/213, Штрбово 63/193, Цер 83/257, Тајмиште 47/106, Лисец 177/676, Горно Кратово 14/76, Мушково 26/87, Негрево 53/118, Јамиште 5/76, Козбунар 10/84, Герман 91/120, Алдинци 1 спрема 135, Брезно 3 домаќинства спрема 117 куќи итн.

Овие показатели за бројот на станови-куќи ни покажува дека во наведените, а и во уште многу други планински населби има доволно слободни куќи кои претставуваат добра основа за развој на планинскиот рурален туризам, се разбира доколку државата или приватниот сектор вложи во извесно реновирање и адаптација на куќите. Поголем број од наведените, но и кај другите планински села, има релативно поволна патна комуникација. Значително поголем е бројот на планиските села кои се соочуваат со недостаток од вода, немање на канализација, друга инфраструктура и слично.

Според податоците изнесени во Табела 2. се гледа дека кај сите туристички региони преовладуваат мажите (21093 лица или 50,8%) над жените (20389 или 49,2%). Додека пак, според податоците за населението според возраст изнесени во Табела 3. се забележува дека значително преовладува возрасната група од 20-64 години (22383 лица или 54,0%) во сите туристички регион, што покажува дека во значителен број од овие населби сѐ уште има популација која може да се ангажира во планирањето и развој на планинскиот туризам. Останатите возрасни категории се возрасната група од 0-19 години со учество од 34,4% (14250 лица ) и како трета е третата возрасна група со над 65+ години со учество во вкупното од 11,6% (4799 лица). Ова не значи дека и двете наведени старосни групи не се важни во планирањето и развој на туризам, туку напротив, тие на свој специфичен начин директно влијаат врз развојот на планинскиот и други видови на алтернативен туризам.

Табела 2 – Население по пол, гледано по туристички региони, општини и според број на населби од и над 1000 м.н.в.

| Туристички макро регион | Број на општини | Број на населби со и над 1000 м. височина | Попис 2002 година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Население | Мажи | Жени |
| ЗАПАДЕН | 25 | 127 | 32605 | 16404 | 16201 |
| СРЕДИШЕН | 4 | 6 | 1578 | 847 | 731 |
| ИСТОЧЕН | 10 | 54 | 7299 | 3842 | 3457 |
| ВКУПНО | 39 | 187 | 41482 | 21093 | 20389 |

Имено, доколку сакаме да го развиваме туризмот мораме и демографските податоци на населението да ги обработиме во функција на неговиот развој. Односно, во фокусот на истражувањето на населението важна улога треба да има туристичката демографија, научна дисциплина која кај нас незначително е присутна во истражувањето на туризмот.

Табела 3. – Население според возраст по туристички региони, општини и број на населби од и над 1000 м.н.в.

| Туристички макро регион | Број на општини | Број на населби со и над 1000 м. височина | Попис 2002 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно население | Население според возраст | | | |
| | | | | 0-19 | 20-64 | 65+ | Непознато |
| ЗАПАДЕН | 25 | 127 | 32605 | 11869 | 17315 | 3373 | 48 |
| СРЕДИШЕН | 4 | 6 | 1578 | 760 | 773 | 45 | 0 |
| ИСТОЧЕН | 10 | 54 | 7299 | 1621 | 4295 | 1381 | 2 |
| ВКУПНО | 39 | 187 | 41482 | 14250 | 22383 | 4799 | 50 |

Во правец на туристичката демографија говорат и следните податоци изнесени во табела 4. и 5.

Од табелата 4. се забележува дека, во вкупниот број население во населбите од и над 1000 жители, Албанците учествуваат со 45,3%, Македонците со 42,4%, Турците со 8,5%, Власите со 3,0%, и сите останати со вкупно 0,8%. Гледано според туристички региони, Албанците се побројни во западниот туристички регион, со учество од 52,8%, спрема Македонците со 32,1%, Турците со 10,7%, Власите со 3,8% и сите останати со вкупно учество од 0,6%. Додека пак, во источниот туристички регион, апсолутна доминација имаат Македонците со учество од 97,3%, а пак во средишниот туристички регион апсолутна доминација имаат Албанците со 98,7%.

Табела 4. - Население според национална припадност во населбите од и над 1000 м.н.в.

| Туристички макро регион | Вкупно население 2002 г. | Национална припадност | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
| ЗАПАДЕН | 32605 | 10468 | 17237 | 3483 | 11 | 1237 | 35 | 13 | 121 |
| СРЕДИШЕН | 1578 | 1 | 1558 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 17 |
| ИСТОЧЕН | 7299 | 7106 | 0 | 31 | 123 | 2 | 29 | 0 | 8 |
| ВКУПНО | 41482 | 17575 | 18795 | 3514 | 135 | 1239 | 64 | 14 | 146 |

Табелата 5. ни ги покажува следните податоци. Во 157 населби одредена националност (во случајот Македонци, Албанци, Турци и Власи) учествува со над 80%. Вкупниот број на жители во овие населби изнесува 38307 жители или просечно по 244 жители во населба. Додека пак, во петте мешовити населби (Магарево - м/в, Нижополе - в/м/а, Горно Косоврасти -м/т, Могорче -м/т и Арвати - а/м.) живеат 3175 жители или по 635 жители во населба. Вкупно во сите 162 населени населби бројот на жители изнесува 41482 жители или 256 жители по населба.

Вкупниот број на Македонците кои живеат во западниот регион и во кои во населбите имаат учество од над 80% (8170) ги одземеме оние кои живеат во градската населба Крушево (4273) произлегува дека во овој регион живеат 3897 жители или по само 57 жители во населба. Во источниот регион од вкупниот број на Македонците кои живеат во населбите со учество од над 80% (7106) ги одземеме оние кои живеат во градската населба Пехчево (3067) произлегува дека во овој регион живеат 4039 жители или по само 94 жители на населба. Значи, во двата случаи станува збор за мали населби.

Во двете градски населби Крушево и Пехчево вкупно живеат 7340 Македонци или 41,7% од вкупниот број Македонци, додека пак останатите 10235 Македонци се распространети во другите 111 населби, со просек од 92 жители по населба.

Состојбата кај Албанците, е како што следува: во вкупниот број од 38 населби каде Албанците учестуваат со над 80%, живеат 18679 или по 491 жител по населба. Најголем дел од нив е сконцентриран во западниот со 17121 жители или 91.6% и средишниот туристички регион со 1558 жители со учество од 8,4%.

Во 5 населби каде Турците учествуваат со над 80% бројот на жители изнесува 2912 или по 582 жители во населба. Турски населби со учество на Турците од над 80% се: Јеловјане (539 жители), Урвич (640), Елевци (260), Коџаџик (275) и Новак (1003 жители).

Во 1 населба, Маловиште (87 жители). Власите учествуваат со над 80% бројот на жители, а во останатите нивниот број има учество под овој процент. Станува збор за следниве населби: Магарево (24), Нижополе (105), Крушево (1020), Пехчево (2) и Вешала (1 жител).

Табела 5. – Број на населби од и над 1000 м.н.в., и население во нив според националната припадност со учество од над 80%, мешовити и раселени населби, гледано по туристички региони

| Број на населби и население според националност | | Туристички региони | | | | | | | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ЗАПАДЕН | | | СРЕДИШЕН | | | ИСТОЧЕН | | | | | |
| | | Број на жители во населби со учество од над 80% | Број на жители во мешовити населби | Раселени населби | Број на жители во населби со учество од над 80% | Број на жители во мешовити населби | Раселени населби | Број на жители во населби со учество од над 80% | Број на жители во мешовити населби | Раселени населби | Број на жители во населби со учество од над 80% | Број на жители во мешовити населби | Раселени населби |
| Македонци | Населби | 69 | / | / | 0 | / | / | 44 | / | / | 113 | / | / |
| | Население | 8170 | 2298 | / | 1 | / | / | 7106 | / | / | 15277 | 2298 | / |
| Албанци | Населби | 33 | 0 | / | 5 | / | / | 0 | / | / | 38 | / | / |
| | Население | 17121 | 116 | / | 1558 | / | / | 0 | / | / | 18679 | 116 | / |
| Турци | Населби | 5 | 0 | / | 0 | / | / | 0 | / | / | 5 | / | / |
| | Население | 2881 | 602 | / | 0 | | / | 31 | / | / | 2912 | 602 | / |
| Власи | Населби | 1 | 0 | / | 0 | | / | 0 | / | / | 1 | / | |
| | Население | 1108 | 129 | / | 0 | | / | 2 | / | / | 1110 | 129 | / |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Роми** | Населби | 0 | 0 | / | 0 | / | / | 0 | / | / | 0 | / | / |
| | Население | 10 | 1 | / | 1 | / | / | 123 | / | / | 134 | 1 | / |
| **Срби** | Населби | 0 | 0 | / | 0 | / | / | 0 | / | / | 0 | / | / |
| | Население | 35 | 0 | / | 0 | / | / | 29 | / | / | 64 | 0 | / |
| **Бошњаци** | Населби | 0 | 0 | / | 0 | / | / | 0 | / | / | 0 | / | / |
| | Население | 11 | 2 | / | 1 | / | / | 0 | / | / | 12 | 2 | / |
| **Останати** | Населби | 0 | 0 | / | 0 | / | / | 0 | / | / | 0 | / | / |
| | Население | 94 | 27 | / | 17 | / | / | 8 | / | / | 119 | 27 | / |
| **ВКУПНО** | Населби | 108 | 5 | 14 | 5 | 0 | 1 | 44 | 0 | 10 | 157 | 5 | 25 |
| | Население | 29430 | 3175 | 0 | 1578 | 0 | 0 | 7299 | 0 | 0 | 38307 | 3175 | 0 |

Табела 6. - Население во земјата на возраст од 15 и повеќе години според активноста

| Туристички макро регион | Број на општини | Број на населби со и над 1000 м. височина | Попис 2002 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Население со над 15 години | Економски активни | | | Економски неактивни |
| | | | | Се | Лица кои вршат занимање | Лица кои не вршат занимање | |
| ЗАПАДЕН | 25 | 127 | 22992 | 6830 | 3156 | 3674 | 16162 |
| СРЕДИШЕН | 4 | 6 | 1021 | 279 | 66 | 213 | 742 |
| ИСТОЧЕН | 10 | 54 | 6153 | 2688 | 1504 | 1184 | 3465 |
| ВКУПНО | 39 | 187 | 30166 | 9797 | 4726 | 5071 | 20369 |

Табелата 6. презентира податоци за населението во земјата на возраст од 15 и повеќе години според активност, од истата можеме да го извлечиме заклучокот. Дека, вкупниот број на оваа категорија лица изнесува 30166 лица, од кои економски активни 9797 лица (32,5%) спрема 20369 економски неактивни лица (67,5%). Најголем број економски активните, но и неактивните лица има во западниот туристички регион, со 6830, спрема 16162 лица, а потоа следат источниот и средишниот регион. Интересна е споредбата, односно соодносот на активните со неактивните лица во западниот туристички регион, кој е поголем за 9332 лица, односно на 2,3 неактивни доаѓа еден активен. Во западниот и средишниот туристички регион поголем е бројот на лицата кои не вршат занимање во споредба со оние кои вршат занимање, исклучок прави источниот туристички регион.

2.) Големина на населбите во планинската висинска зона од и над 1000 метри

Анализата на населбите според големина прикажани во табела 7. покажува дека најголем број или 104 (55.6%) од нив се мали до 100 жители, од нив 71 (68.3%) се наоѓаат во западниот туристички регион, 32 во источниот и само 1 во средишниот туристички регион. Бројот на раселени населби изнесува 25, од кои 14 во западниот, 10 во источниот и 1 населба во средишниот туристички регион.

Табела 7. – Населби според големина – број на жители

| Туристички макро регион | Број на населби според големина – број на жители | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно населби со и над 1000 ж. | Раселени | Од 1 до 100 жит. | Од 101 до 300 ж. | Од 301 до 500 ж. | Од 501 до 800 ж. | од 801 до 1000 ж. | Од 1001 до 2000 | Од 2001 до 3000 | Од 3001 до 5000 жители |
| ЗАПАДЕН | 127 | 14 | 71 | 18 | 4 | 7 | 3 | 8 | 1 | 1 |
| СРЕДИШЕН | 6 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| ИСТОЧЕН | 54 | 10 | 32 | 8 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| ВКУПНО | 187 | 25 | 104 | 26 | 7 | 9 | 5 | 8 | 1 | 2 |

Населби со над 1000 жители се 11 (5,9%) на број: и тоа: 10 во западниот туристички регион (Ново Село 1589 /доминираат Албанци /а/ – *Општина Боговиње*; Гургурица 1556 /а/ – *Општина Брвеница*; **Могорче** 1794 /Македонци /м/ и Турци /т/ – *Општина Дебар*; Седларево 1611 /а/ – *Општина Желино*; **Крушево** 5330 /м/ и Власи /в/ - *Општина Крушево*; Бродец 1136 /а/, Вејце 1127 /а/, Вешала 1222 /а/ и Шипковица 2826 /а/ – *Општина Тетово*; Новак – 1006 /Турци /т/ – *Општина Центар Жупа*) и една населба во источниот туристички регион - **Пехчево** 3237 /м/ - *Општина Пехчево*. Во сите нив вкупно живеат 22434 жители или 54,1% од вкупното население кое живее во населбите со од и над 1000 метри надморска височина

Во таб. 8 регистрирани се населбите според големина-број на жители гледано и според надморска височина. Па така, најголем број од 107 населби (57,2%) се наоѓа на надморска височина од 1000 до 1100 метри и во нив живеат 21102 жители или 50,9% од вкупниот број население во населбите од и над 1000 метри надморска височина.

Гледано според туристички региони, најголем број од населбите од 1000 до 1100 м.н.в има во западниот регион 65 (51,2%) во источниот 38 (70,4%) и во средишниот 4 (66,7%). Во наведените 65 населби живеат 14068 жители или 43,1% од населението во западниот туристички регион или 66,7% од вкупното население во населбите од и над 1000 метри.

Табела 8. – Населби со и над 1000 метри средна надморска височина гледано по општини и број на жители според пописот 2002 година

| Туристички регион | Населби и Население | Број на населби со и над 1000 м. височина | Број на населби според висинска зона | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Од 1000 до 1100 м. | Од 1101 до 1200 м. | Од 1201 до 1300 м. | Од 1301 до 1400 м. | Од 1401 до 1500 м. | Над 1501 м. |
| ЗАПАДЕН | Број на населби | 127 | 65 | 29 | 19 | 5 | 7 | 2 |
| | Население | 32605 | 14068 | 6287 | 9982 | 1556 | 692 | 20 |
| СРЕДИШЕН | Број на населби | 6 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Население | 1578 | 1006 | 572 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ИСТОЧЕН. | Број на населби | 54 | 38 | 8 | 5 | 3 | 0 | 0 |
| | Население | 7299 | 6028 | 695 | 452 | 124 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | Број на населби | 187 | 107 | 39 | 24 | 8 | 7 | 2 |
| | Население | 41482 | 21102 | 7554 | 10434 | 1680 | 692 | 20 |

Населби со најголема средна надморска височина од над 1400 метри се 9 и тоа: Кракорница со 1530 мнв; Богдево со 1510; Беличица со1470; Ќафа и Бродец со 1440 мнв; Кичиница, Корито и Горна Белица со 1420 мнв; и Сушица со 1410 мнв. (Табела 10) Општина со највисок просечен атар е Општина Маврово-Ростуша со 1093 метри.

Општини со најголем број населби од и над 1000 м.н.в. се: Општина Маврово-Ростуша со 27 населби, Крива Паланка со 19, Струга со 11, Радовиш и Македонски Брод со 10, Битола,Кратово и Ресен со 9 населби,итн. (Види:Табела 10.).

Од 1301 до 1400 метри има вкупно 8 населби од кои 5 населби во западниот туристички регион (Врбјани и Галичник – *Општина Маврово и Ростуша*; Плаќе – *Охрид*; Локов – *Струга*; Бозовце – *Општина Тетово*) и 3 во источниот туристички регион (Емирица и Каврак – *Општина Кратово*, и Дренак – *Општина Крива Паланка*).

Од 1401 до 1500 м. вкупно 7 населби (Бродец, Корито и Ќафа – *Општина Гостивар*; Беличица, Кичиница и Сушица - *Општина Маврово и Ростуша*; Горна Белица – *Општина Струга*), од кои 2 се раселени. Над 1500 м. се 2 населби, и тоа: Богдево и Кракорница – *Општина Маврово и Ростуша*.

Во табелата 9. обработена е аграрната структура на населбите. Сите населби се протегаат на површина од 3512 км², (или учество од 13,6% од територијата на Република Македонија) од кои најголема површина од 2457 км² (69.9%) зафаќаат населбите во западниот туристички регион, со просек од 19 км² по населба, потоа следи источниот регион со 869 км² и просек од 16 км² по населба и средишниот со 185 км² и просек по 30 км² по населба.

Табела 9. – Аграрна структура на атарот на населбите

| Туристички макро регион | Број на туристички подрачја | Број на општини | Број на населби со и над 1000 м. височина | Вкупно Население 2002 г. | Површина во км² |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗАПАДЕН | 6 | 25 | 127 | 32605 | 2457.2 |
| СРЕДИШЕН | 2 | 4 | 6 | 1578 | 185.6 |
| ИСТОЧЕН | 4 | 10 | 54 | 7299 | 869.6 |
| **ВКУПНО** | **12** | **39** | **187** | **41482** | **3512.4** |

Табела 10. – Населби од и над 1000 метри средна надморска височина гледано по општини, број на жители, туристички региони, подрачја, туристички мотиви и фактори

| рб | ОПШТИНА | рб | Име на населба | Средна надморска височина | Население (попис 2002) | Туристички регион | Туристичко подрачје | Туристички мотиви и фактори* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | БИТОЛА | 1. | Гопеш | 1160 | 0 | Западен | Пелагониско | П. А. |
| | | 2. | Древеник | 1200 | 26 | | | П |
| | | 3. | Магарево | 1040 | 87 | | | П. А. К. Р |
| | | 4. | Маловиште | 1140 | 98 | | | П. А. К |
| | | 5. | Нижополе | 1030 | 186 | | | П. А. К. Р |
| | | 6. | Облаково | 1100 | 1 | | | П |
| | | 7. | Ротино | 1020 | 113 | | | П.А.К |
| | | 8. | Снегово | 1100 | 0 | | | П |
| | | 9. | Цапари | 1010 | 493 | | | П.А.К |
| | | | | | 1004 | | | |
| | | | | | | | | |
| 2. | БОГОВИЊЕ | 10. | Јеловјане | 1200 | 599 | Западен | Полошко-кичевско | П. А |
| | | 11. | Ново Село | 1150 | 1589 | | | П. А. К |
| | | 12. | Урвич | 1120 | 756 | | | П. А |
| | | | | | 2944 | | | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | БРВЕНИЦА | 13. | Гургурница | 1300 | 1556 | Западен | Полошко-кичевско | П, А, К |
| 4. | ВРАНЕШТИЦА | 14. | Патец | 1070 | 8 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| 5. | ВРАПЧИШТЕ | 15. | Ѓурѓевиште | 1000 | 403 | Западен | Полошко-кичевско | П, А |
| | | 16. | Ломница | 1030 | 574 | | | П, А |
| | | | | | 977 | | | |
| 6. | ГОСТИВАР | 17. | Бродец | 1440 | 7 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| | | 18. | Горно Јеловце | 1220 | 2 | | | П |
| | | 19. | Корито | 1420 | 675 | | | П, А |
| | | 20. | Страјане | 1100 | 307 | | | П, А |
| | | 21. | Кафа | 1440 | 5 | | | П |
| | | | | | 996 | | | |
| 7. | ДЕБАР | 22. | Гари | 1170 | 10 | Западен | Мавровско-радичко | П, А |
| | | 23. | Горно Косоврасти | 1040 | 818 | | | П, А, К |
| | | 24. | Могорче | 1020 | 1794 | | | П, А, К |
| | | 25. | Татар Елевци | 1160 | 10 | | | П |
| | | | | | 2632 | | | |
| 8. | ДЕБАРЦА | 26. | Мраморец | 1040 | 8 | Западен | Охридско-струшко | П |
| | | 27. | Турје | 1160 | 17 | | | П |
| | | 28. | Црвена Вода | 1150 | 23 | | | П |
| | | | | | 48 | | | |
| 9. | ДЕЛЧЕВО | 29. | Косово Дабје | 1000 | 21 | Источен | Малешевско | П |
| 10. | ДЕМИР ХИСАР | 30. | Зашле | 1220 | 42 | Западен | Пелагониско | П |
| | | 31. | Лесково | 1000 | 0 | | | П |
| | | 32. | Радово | 1010 | 13 | | | П |
| | | | | | 55 | | | |
| 11. | ДРУГОВО | 33. | Големо Црско | 1000 | 4 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| | | 34. | Горна Душегубица | 1100 | 4 | | | П |
| | | 35. | Ехлоец | 1040 | 20 | | | П |
| | | 36. | Иванчишта | 1070 | 29 | | | П |
| | | 37. | Јаворец | 1000 | 5 | | | П |
| | | 38. | Лавчани | 1050 | 10 | | | П |
| | | 39. | Цер | 1010 | 159 | | | П, А, К |
| | | | | | 231 | | | |
| 12. | ЖЕЛИНО | 40. | Седларево | 1240 | 1611 | Западен | Полошкоо-кичевско | П, А, К |
| 13. | ЗАЈАС | 41. | Тајмиште | 1060 | 107 | Западен | Полошко-кичевско | П, А, К |
| 14. | ЗЕЛЕНИКОВО | 42. | Палиград | 1002 | 303 | Средишен | Скопско | П, А |
| 15. | КАРБИНЦИ | 43. | Вртешка | 1060 | 6 | Источен | Овчеполско-кочанско | П |
| | | 44. | Мичак | 1000 | 0 | | | П |
| | | | | | 6 | | | |
| 16. | КИЧЕВО | 45. | Кнежино | 1010 | 12 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| 17. | КОЧАНИ | 46. | Главовица | 1090 | 59 | Источен | Овчеполско-кочанско | П |
| | | 47. | Јастребник | 1000 | 48 | | | П |
| | | 48. | Небојани | 1090 | 46 | | | П |
| | | 49. | Ново Село | 1000 | 15 | | | П |
| | | | | | 168 | | | |
| 18. | КРАТОВО | 50. | Близанци | 1200 | 6 | Источен | Осоговско | П |
| | | 51. | Горно Кратово | 1020 | 27 | | | П |
| | | 52. | Емирица | 1310 | 18 | | | П |
| | | 53. | Каврак | 1360 | 62 | | | П |
| | | 54. | Кнежево | 1245 | 64 | | | П |
| | | 55. | Куново | 1300 | 3 | | | П |
| | | 56. | Луково | 1060 | 4 | | | П |
| | | 57. | Мушково | 1210 | 51 | | | П |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 58. | Нежилово | 1210 | 23 | | | П |
| | | | | | 258 | | | |
| | | | | | | | | |
| 19. | КРИВА ПАЛАНКА | 59. | Б'с | 1200 | 63 | Источен | Осоговско | |
| | | 60. | Баштево | 1050 | 13 | | | П |
| | | 61. | Борово | 1000 | 87 | | | П |
| | | 62. | Голема Црцорија | 1100 | 85 | | | П |
| | | 63. | Длабочица | 1015 | 144 | | | П |
| | | 64. | Добровница | 1020 | 168 | | | П |
| | | 65. | Дренак | 1320 | 44 | | | П |
| | | 66. | Костур | 1070 | 38 | | | П |
| | | 67. | Кркља | 1030 | 227 | | | П, А |
| | | 68. | Кретов Дол | 1025 | 60 | | | П |
| | | 69. | Луке | 1120 | 338 | | | П, А |
| | | 70. | Мала Црцорија | 1030 | 112 | | | П |
| | | 71. | Метежево | 1140 | 50 | | | П |
| | | 72. | Нерав | 1090 | 175 | | | П |
| | | 73. | Огут | 1050 | 152 | | | П |
| | | 74. | Осиче | 1050 | 51 | | | П |
| | | 75. | Подржи Коњ | 1140 | 116 | | | П |
| | | 76. | Станци | 1060 | 203 | | | П |
| | | 77. | Т'лминци | 1060 | 73 | | | П |
| | | | | | 2199 | | | |
| | | | | | | | | |
| 20. | КРУШЕВО | 78. | Горно Дивјаци | 1020 | 46 | Западен | Пелагониско | П |
| | | 79. | Крушево | 1300 | 5330 | | | П, А, К, Р |
| | | | | | 5376 | | | |
| | | | | | | | | |
| 21. | ЛИПКОВО | 80. | Стража | 1080 | 0 | Средишен | Кумановско | П |
| | | 81. | Стрима | 1080 | 3 | | | П |
| | | | | | 3 | | | |
| | | | | | | | | |
| 22. | МАВРОВО и РОСТУША | 82. | Беличица | 1470 | 4 | Западен | Мавровско-радичко | П |
| | | 83. | Бибај | 1200 | 31 | | | П |
| | | 84. | Богдево | 1510 | 5 | | | П |
| | | 85. | Видуше | 1110 | 185 | | | П |
| | | 86. | Волковија | 1100 | 89 | | | П |
| | | 87. | Врбен | 1260 | 142 | | | П |
| | | 88. | Врбјани | 1360 | 625 | | | П, А |
| | | 89. | Галичник | 1400 | 3 | | | П, А |
| | | 90. | Грекај | 1100 | 20 | | | П |
| | | 91. | Дуф | 1000 | 39 | | | П |
| | | 92. | Жужње | 1140 | 8 | | | П |
| | | 93. | Кичиница | 1420 | 0 | | | П |
| | | 94. | Кракорница | 1530 | 15 | | | П |
| | | 95. | Лазарополе | 1300 | 0 | | | П |
| | | 96. | Леуново | 1260 | 6 | | | П, А |
| | | 97. | Маврови Анови | 1290 | 167 | | | П |
| | | 98. | Маврово | 1240 | 166 | | | П, А, К, Р |
| | | 99. | Нивиште | 1160 | 7 | | | П, А, К, Р |
| | | 100. | Никифорово | 1270 | 10 | | | П |
| | | 101. | Нистрово | 1180 | 121 | | | П |
| | | 102. | Ничпур | 1150 | 13 | | | П |
| | | 103. | Рибница | 1110 | 5 | | | П |
| | | 104. | Сенце | 1180 | 21 | | | П |
| | | 105. | Сретково | 1000 | 25 | | | П |
| | | 106. | Сушица | 1410 | 0 | | | П |
| | | 107. | Тануше | 1200 | 16 | | | П |
| | | 108. | Тресонче | 1000 | 8 | | | П |
| | | | | | 1731 | | | П |
| | | | | | | | | |
| 23. | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | 109. | Саса | 1020 | 876 | Источен | Осоговско | П, А, К |
| | | | | | | | | |
| 24. | МАКЕДОНСКИ БРОД | 110. | Бенче | 1090 | 43 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| | | 111. | Битово | 1180 | 63 | | | П |
| | | 112. | Близанско | 1140 | 37 | | | П |
| | | 113. | Брезница | 1000 | 49 | | | П |
| | | 114. | Волче | 1090 | 7 | | | П |
| | | 115. | Горно Ботушје | 1220 | 22 | | | П |
| | | 116. | Горно Крушје | 1219 | 44 | | | П |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 117. | Долно Ботушје | 1140 | 34 | | | П |
| | | 118. | Долно Крушје | 1160 | 23 | | | П |
| | | 119. | Крапа | 1020 | 69 | | | П |
| | | | | | 391 | | | |
| 25. | НОВАЦИ | 120. | Грумази | 1090 | 15 | Западен | Марновско | П |
| | | 121. | Совиќ | 1080 | 0 | | | П |
| | | | | | 15 | | | |
| 26. | ОСЛОМЕЈ | 122. | Бериково | 1000 | 168 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| | | 123. | Ново Село | 1040 | 143 | | | П |
| | | 124. | Папрадиште | 1160 | 75 | | | |
| | | | | | 386 | | | |
| 27. | ОХРИД | 125. | Велестово | 1080 | 53 | Западен | Охридско-струшко | П |
| | | 126. | Завој | 1050 | 12 | | | П |
| | | 127. | Коњско | 1100 | 22 | | | П |
| | | 128. | Куратица | 1080 | 326 | | | П, А |
| | | 129. | Плаќе | 1370 | 4 | | | П |
| | | 130. | Свиништа | 1140 | 64 | | | П |
| | | 131. | Сирула | 1060 | 10 | | | П |
| | | | | | 491 | | | |
| 28. | ПЕХЧЕВО | 132. | Негрево | 1050 | 97 | Источен | Малешевско | П |
| | | 133. | Пехчево | 1020 | 3237 | | | П, А, К, Р |
| | | | | | 3334 | | | |
| 29. | ПРИЛЕП | 134. | Крстец | 1082 | 1 | Западен | Пелагониско | П |
| 30. | ПРОБИШТИП | 135. | Зеленград | 1130 | 7 | Источен | Осоговско | П |
| | | 136. | Јамиште | 1050 | 10 | | | П |
| | | | | | 17 | | | |
| 31. | РАДОВИШ | 137. | Дурутлија | 1000 | 0 | Источен | Струмичко-радовишко | П |
| | | 138. | Каралобоси | 1000 | 0 | | | П |
| | | 139. | Карацалар | 1000 | 0 | | | П |
| | | 140. | Козбунар | 1050 | 17 | | | П |
| | | 141. | Ново Село | 1060 | 0 | | | П |
| | | 142. | Сариѓол | 1000 | 0 | | | П |
| | | 143. | Хувадерлија | 1000 | 0 | | | П |
| | | 144. | Чешме Маале | 1000 | 0 | | | П |
| | | 145. | Шаинташ | 1000 | 0 | | | П |
| | | 146. | Шипковица | 1000 | 0 | | | П |
| | | | | | 17 | | | |
| 32. | РАНКОВЦЕ | 147. | Баратлија | 1090 | 39 | Источен | Осоговско | П |
| | | 148. | Герман | 1230 | 311 | | | П, А |
| | | 149. | Криви Камен | 1025 | 23 | | | П |
| | | 150. | Пклиште | 1200 | 30 | | | П |
| | | | | | 403 | | | |
| 33. | РЕСЕН | 151. | Арвати | 1010 | 137 | Западен | Преспанско | П, А |
| | | 152. | Брајчино | 1000 | 134 | | | П, А, К, Р |
| | | 153. | Горно Крушје | 1140 | 107 | | | П |
| | | 154. | Златари | 1040 | 118 | | | П |
| | | 155. | Илино | 1020 | 0 | | | П |
| | | 156. | Лескоец | 1025 | 12 | | | П |
| | | 157. | Петрино | 1080 | 0 | | | П |
| | | 158. | Прељубје | 1020 | 16 | | | П |
| | | 159. | Штрбово | 1040 | 184 | | | П, А, К |
| | | | | | 708 | | | |
| 34. | СТРУГА | 160. | Буринец | 1020 | 0 | Западен | Охридско-струшко | П |
| | | 161. | Вишни | 1040 | 14 | | | П, А, К |
| | | 162. | Горна Белица | 1420 | 1 | | | П, А, К, Р |
| | | 163. | Дренок | 1095 | 2 | | | П |
| | | 164. | Збажди | 1060 | 10 | | | П |
| | | 165. | Лакаица | 1300 | 3 | | | П |
| | | 166. | Локов | 1325 | 0 | | | П |
| | | 167. | Мали Влај | 1000 | 71 | | | П |
| | | 168. | Присовјани | 1040 | 11 | | | П |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 169. | **Ржаново** | 1250 | 0 | | | П |
| | | 170. | **Селци** | 1075 | 0 | | | П |
| | | | | | 112 | | | |
| | | | | | | | | |
| 35. | СТУДЕНИЧАНИ | 171. | **Алдинци** | 1200 | 3 | Средишен | Скопско | П |
| | | 172. | **Црн врв** | 1000 | 700 | | | П, А |
| | | | | | 703 | | | |
| | | | | | | | | |
| 36. | ТЕАРЦЕ | 173. | **Брезно** | 1000 | 8 | Западен | Полошко-кичевско | П |
| | | 174. | **Првце** | 1040 | 27 | | | П |
| | | | | | 35 | | | |
| | | | | | | | | |
| 37. | ТЕТОВО | 175. | **Бозовце** | 1360 | 924 | Западен | Полошко-кичевско | П, А, К |
| | | 176. | **Бродец** | 1060 | 1136 | | | П, А, К |
| | | 177. | **Вејце** | 1200 | 1127 | | | П, А, К |
| | | 178. | **Вешала** | 1195 | 1222 | | | П, А, К |
| | | 179. | **Ѓермо** | 1100 | 962 | | | П, А, К |
| | | 180. | **Лисец** | 1220 | 692 | | | П, А, К |
| | | 181. | **Шипковица** | 1080 | 2826 | | | П, А, К |
| | | | | | 8889 | | | |
| | | | | | | | | |
| 38. | ЦЕНТАР ЖУПА | 182. | **Броштица** | 1300 | 748 | Западен | Мавровско-радичко | П, А, К |
| | | 183. | **Елевци** | 1050 | 260 | | | П, А, К |
| | | 184. | **Копаник** | 1085 | 275 | | | П, А, К |
| | | 185. | **Новак** | 1300 | 1006 | | | П, А, К |
| | | 186. | **Парешн** | 1220 | 0 | | | П |
| | | 187 | Козишта | 1020 | 0 2289 | | | |
| | | 1 | | | | | | |
| 39. | ЧУЧЕР САНДЕВО | 187. | **Брест** | 1200 | 569 | Средишен | Скопско | П, А |
| | | 188 | | | | | | |
| / | **ВКУПНО** | / | / | / | **41482** | / | / | / |

*П=Природни мотиви; А=Антропогени мотиви (Атрактивни фактори); К=Комуникативни фактори; Р=Рецептивни фактори

За прегледот да биде комплетен потребни се анализи и за оддалеченоста на овој вид населби од главните сообраќајници, од централните општински места, нивната инфраструктурна опременост, сообраќајната поврзаност, застапеност и близина на стопански, туристички и угостителски објекти, потоа присуството на туристички природни и антропогени мотиви, близината до важните туристички подрачја, зони, локалитети, едуцираноста на населението во функција на туризмот и слично.

## ЗАКЛУЧОК

Од овој краток труд произлегува следниот заклучок. Имено, станува збор за планински населби кои зафаќаат доволно слободен простор за развој на руралниот или екотуризам кој би произведувал природна-чиста или биолошка екохрана. Еко села или населби чие население би се едуцирало за организирање на производство на голем број екопродукти, би се организирале во еко и туристички задруги, потоа би одржувале еко саеми, би организирале и пречекувале разни туристи кои би се запознавале со начинот на живеење, традицијата, културата, а притоа би престојувале во еколошки чиста средина.

За сето ова да се реализира, потребно е интензивно финансирање и проекти за поддршка на малите бизниси и претприемништвото, како и истражување на туризмот и од сферата на туристичката демографија и демогеографија, дисциплини кои недоволно се третираат во туристичките истражувања.

## ЛИТЕРАТУРА


1. **Владо Поповски, Арслан Селмани, Никола Панов**, (2006), Општините во Република Македонија, ИДБЦ, Скопје;
2. **Науме Мариноски**, (2006), Туристичка географија, Охрид
3. **ДЗС**, (2004), Вкупно население, домаќинства и станови – дефинитивни податоци по населени места – Вкупно население според изјаснување за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта, Попис на населението, домаќинставата и становите во Република Македонија. 2002, Дефинитивни податоци, Книга X, Скопје;
4. **ДЗС**, (2004), Вкупно население по пол и возраст – дефинитивни податоци по населени места – Попис на населението, домаќинставата и становите во Република Македонија, 2002, Дефинитивни податоци, Книга XИ, Скопје;
5. **ДЗС**, (2004), Вкупно население во земјата – дефинитивни податоци по населени места – Население во земјата според активноста и полот, Попис на населението, домаќинставата и становите во Република Македонија, 2002, Дефинитивни податоци, Книга XИИ, Скопје;
6. **Митко Панов**, (1998), Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје;
7. **РГЗ**, (1982), СР.Македонија низ катастарска евиденција, Скопје;
8. **Патна карта на Р.Македонија**, размер 1:300.000 (2006) Тримакс, Скопје
9. **Војно географски институт** (1985), Топографски карти, размер 1:50.000, секции: Скопје (680, 681, 730, 731), Куманово (682, 683, 732, 733), Ѓустендил (684, 734), Битола (780, 781, 830, 831), Прилеп (782, 783, 832), Солун (784), Београд